# ГЕНЕТИКА И СЕЛЕКЦИЈА НА РАСТИТЕЛНОТО ПРОИЗВОДСТВО

## Трет циклус на студии

## Учебна 2026/27

## Земјоделски факултет

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1 | | Назив на студиската програма | На македонски јазик | **Генетика и селекција на растителното производство** |
| | | | На англиски јазик | **Genetics and Plant breeding** |
| | | | На јазикот на која се изведува наставата | Македонски јазик |
| 2 | | Студиско подрачје според Меѓународната стандардна класификација на образованието на УНЕСКО (МСКОБ, ISCED) и НРК | Пошироко подрачје | 08 Земјоделство, шумарство, рибарство и ветерина |
| | | | Потесно подрачје | 081 Земјоделство |
| | | | Детално подрачје | 0811 Растително и сточарско производство<br>Земјоделски науки<br>Агрономија и наука за посеви<br>Одгледување животни<br>Одгледување на култури<br>Управување со земјоделски поседи<br>Земјоделско производство<br>Овоштарство<br>Житарство<br>Одгледување на ориз<br>Одгледување на 'рж и пченица<br>Наука за почвата<br>Одгледување на шеќерна трска<br>Одгледување на зеленчук<br>Винарство |
| | | Научно-истражувачко подрачје, поле и | Научно подрачје | 4 Земјоделски и ветеринарни науки |
| | | | Научно поле | 4.01 Земјоделство, шумарство и рибарство |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 3 | област (согласно Меѓународната Фраскатиева класификација од 2015 година и релевантни домашни акти со кои се уредуваат научно-истражувачките полиња од трето ниво – области). За интердисциплинарни студиски програми се наведуваат соодветните студиски полиња или уметнички дисциплини од прво, второ и трето ниво | Научна, стручна или уметничка област | **4.01.02.01 Житни култури**<br>**4.01.02.02 Индустриски култури**<br>**4.01.02.03 Фуражни култури**<br>**4.01.02.10 Генетика и селекција на земјоделските култури** |
| 4 | Можни занимања со | Главни групи | 2. Стручњаци и научници |
| | | Подгрупи | 21. Стручњаци за наука и инженеринг |
| | назив и шифри согласно Национална класификација на занимања | Споредни групи | 213. Стручњаци од областа на природните науки |
| | | Единечни групи | 2132. Агрономи, шумарски инженери и сродни стручњаци |
| 5 | Вид на студии (академски или специјалистички) | | Академски студии |
| 6 | Циклус на образование (трет циклус студии) | | Трет циклус студии (180 ЕКТС) |
| 7 | Оптовареност на студиската програма изразена во ЕКТС кредити и доколку е предвидено подготвителни курсеви | | 180 ЕКТС |
| 8 | Вредност во ЕКТС кредити на докторска дисертација | | 30 ЕКТС |
| 9 | Времетраење на студиите (во години и семестри на траење на студиската програма) | | 3 години (VI семестри)<br>Рокот за завршување на предвидените активности од студиската програма е регулирано во Статутот на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип. Студентите од III циклус студии имаат право да ги завршат започнатите студии според студиската програма на која се запишале во следниве рокови:<br>- тригодишни студии за 5 (пет) години. |
| 10 | Податоци дали студиската програма се поднесува за акредитација или за продолжување на претходната акредитација | | Продолжување на претходната акредитација – реакредитација на студиската програма |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 11 | | Начин на финансирање на предложената студиска програма, а за приватните и приватно-јавните непрофитни високообразовни и научни установи доказ за обезбедена квалитетна финансиска гаранција за судиската програма | Студиските програми на Земјоделскиот факултет се во рамките на интегрираниот Државен универзитет „Гоце Делчев“ Штип и начинот на финансирање е со:<br>- Подршка од Буџетот на Република Македонија за Високото образование и<br>- Партиципација од студентите<br>Школарината за студирање на трет циклус-докторски студии е целосно на товар на студентот и изнесува за шест семестри вкупно 3.000 ЕУР (пресметано во денари по среден курс на НБРМ на денот на уплатата). Школарината за странски државјани изнесува за шест семестри вкупно 6.000 ЕУР. |
| 12 | | Степен или ниво на квалификација потребно за запишување на студиите според Националната рамка на квалификации | VII A |
| 13 | | Услови за запишување на студиската програма посебно за редовни, вонредни и странски студенти, кои вклучуваат предмети релевантни за студиската програма од државната матура или приемен испит со јасна, недвосмислена и точна содржина на испитот, неговото траење, изведување и оценување | На универзитетски академски тригодишни студиски програми за трет циклус можат да се запишат кандидати кои имаат завршено прв и втор циклус на интегрирани студии, според ЕКТС во траење најмалку од 5 (три) години, односно вупно 300 кредити.<br>На универзитетски академски три годишни студии од трет циклус на студии може да се запишат кандидати кои имаат завршено соодветен втор циклус на студии (заедно со |
| | | | првиот циклус со вупно 300 кредити).<br>Услов за запишување имаат кандидати кои ги исполнуваат следниве општи услови:<br>1. Завршени универзитетски студии од прв и втор циклус во обем од 300 ЕКТС;<br>2. Просечна оценка од вториот циклус на студии од најмалку 8,0;<br>3. Активно познавање на странски јазик.<br>На докторски студии може да се запише лице кое завршило соодветни студии од втор циклус. Канидатите кои не завршиле соодветни академски студии од втор циклус, односно за кандидатите од сродна научна област, Наставно-научниот совет на докторски студии на кампусот утврдува дополнителни услови за запишување на докторски студии. |
| 14 | | Степен или ниво на квалификација што се стекнува со завршување на студиите според Национална Рамка на Квалификација | Ниво: VIII<br>Високо образование: III циклус на студии – докторски студии (180 кредити) |
| | | На македонски јазик | Студентите кои ќе завршат студиската програма се стекнуваат со следното звање: **Доктор на земјоделски науки – Генетика и селекција на растителното производство** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 15 | Научен назив кој се стекнува по завршувањето на студиската програма | На англиски јазик | Студентите кои ќе завршат студиската програма се стекнуваат со следното звање на англиски јазик: **Doctor of agricultural sciences – Genetics and plant breeding (PhD)** |
| | | На јазикот на која се изведува наставата | Македонски јазик |
| 16 | Место на реализирање на наставата | | Наставен центар Штип, ЗФ, УГД |
| 17 | | | |
| 18 | | | |
| | | | |
| | | | |
| 19 | Јазик на којшто ќе се изведува наставата | | Настава се изведува на македонски јазик. |
| 20 | Можност за изведување на наставата на странски јазик (прозорци на мобилност- наставни предмети што можат да се реализираат на англиски јазик) | | „Прозорци за мобилност“ се дефинирани во Прилог 3.<br>Согласно Член 139 и 144 (ЗВО 82/18):<br>- Наставата се изведува на македонски јазик<br>- „прозорци за мобилност“, односно наставни односно наставни предмети чии активности може да се изведуваат и на англиски јазик. |
| 21.1 | Начин на студирање (редовни, вонредно студирање) | | Редовно / вонредно студирање |
| 21.2 | Правила, можности и услови за вонредно студирање на студиската програма | | На универзитетски академски тригодишни студиски програми за трет циклус можат да се запишат кандидати кои имаат завршено |
| | | | прв и втор циклус на интегрирани студии, според ЕКТС во траење најмалку од 5 (три) години, односно вупно 300 кредити.<br>На универзитетски академски три годишни студии од трет циклус на студии може да се запишат кандидати кои имаат завршено соодветен втор циклус на студии (заедно со првиот циклус со вупно 300 кредити).<br>Услов за запишување имаат кандидати кои ги исполнуваат следниве општи услови:<br>1. Завршени универзитетски студии од прв и втор циклус во обем од 300 ЕКТС;<br>2. Просечна оценка од вториот циклус на студии од најмалку 8,0;<br>3. Активно познавање на странски јазик.<br>На докторски студии може да се запише лице кое завршило соодветни студии од втор циклус. Канидатите кои не завршиле соодветни академски студии од втор циклус, односно за кандидатите од сродна научна област, Наставно-научниот совет на докторски студии на кампусот утврдува дополнителни услови за запишување на докторски студии. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 22 | | Информација за продолжување на образование | Студентите со завршен трет циклус на студии од студиската програма **Генетика и селекција на растителното производство**, можат да го продолжат своето образование на некоја постдокторска позиција или истражување во нашата и надвор од границите на нашата држава. |

## СТРУКТУРА НА СТУДИСКА ПРОГРАМА – ГЕНЕТИКА И СЕЛЕКЦИЈА НА РАСТИТЕЛНОТО ПРОИЗВОДСТВО

**Табела 8.1.** Распоред на предмети/активности по семестри и години на студии

| **СТРУКТУРАТА НА СТУДИСКАТА ПРОГРАМА ЗА ДОКТОРСКИ СТУДИИ** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **семестар** | **Реден број или код** | **Назив на предмет/активност** | **Број на ЕКТС кредити** | | **Припадност на предмет/активност согласно ЗВО** |
| | | | **Задолжителни предмети/активности** | **Изборни предмети** | |
| **ПРВ семестар** | 2ZF314126 | Методологија на научно истражувачката работа | 10 ЕКТС | | **ч. 136, ст.18, т.4** предавања и друг вид на комуникациски активности |
| | 2ZF302126 | Популациона генетика | 10 ЕКТС | | **ч. 136, ст.18, т.4** предавања и друг вид на комуникациски активности |
| | табела 8.2 | **Изборен факултетски** предмет од табела 8.2. | | 10 ЕКТС | **ч. 136, ст.18, т.1** организирана академска обука, што содржи напредни и стручни курсеви |
| | | | **ВКУПНО: 30 ЕКТС** | | |
| **ВТОР семестар** | 2ZF302526 | Принципи во селекцијата и семенарството | 10 ЕКТС | | **ч. 136, ст.18, т.4** предавања и друг вид на комуникациски активности |
| | 2ZF302626 | Растителни генетски ресурси | 10 ЕКТС | | **ч. 136, ст.18, т.4** предавања и друг вид на комуникациски активности |
| | табела 8.2 | **Изборен факултетски** предмет од табела 8.2. | | 10 ЕКТС | **ч. 136, ст.18, т.1** организирана академска обука, што содржи напредни и стручни курсеви |
| | | | | | |
| | | | **ВКУПНО: 30 ЕКТС** | | |
| **ТРЕТ семестар** | 2ZF314226 | Пријава и изработка на пилот истражувачки проект | 10 ЕКТС | | **ч. 136, ст.18, т.2** независен истражувачки проект под менторство (докторски проект) |
| | 2ZF314326 | Презентација на пилот истражувачки проект | 10 ЕКТС | | **ч. 136, ст.18, т.4** комуникациски активности |
| | 2ZF314426 | Меѓународна мобилност | 10 ЕКТС | | **ч. 136, ст.18, т.3** меѓународна мобилност, најмалку еднонеделен престој |
| | | | **ВКУПНО: 30 ЕКТС** | | |
| **ЧЕТВРТИ семестар** | 2ZF314526 | **Пријава на тема за докторски труд** | 15 ЕКТС | | **ч. 136, ст.18, т.6** изработка на докторски труд врз основа на докторскиот проект |
| | 2ZF314626 | **Активно учество на меѓународни собири** | 15 ЕКТС | | **ч. 136, ст.18, т.5** учество на меѓународни собири во врска со докторскиот труд, што се потврдува со сертификат за учество |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | **ВКУПНО: 30 ЕКТС** | | |
| **ПЕТТИ семестар** | 2ZF314726 | **Објавување на трудови во референтни научни списанија** | 30 ЕКТС | | **ч. 136, ст.13** Високообразовната установа нема да дозволи одбрана на докторски труд на кандидат кој пред одбраната на докторскиот труд нема објавено два труда во референтна научна публикација **ч. 136, ст.18, т.5** објавување во референтни научни публикации |
| | | | **ВКУПНО: 30 ЕКТС** | | |
| **ШЕСТИ семестар** | 2ZF314826 | **Изработка на докторски труд** | 30 ЕКТС | | **ч. 136, ст.18, т.6** изработка на докторски труд врз основа на докторскиот труд |
| | | **Пријава за јавна одбрана** | Задолжителна административна постапка пред јавната одбрана на докторскиот труд која не носи кредити | | **ч. 136, ст.18, т.6** јавна одбрана на докторски труд врз основа на докторскиот проект |
| | | **Јавна одбрана на докторски труд** | Јавна одбрана на докторскиот труд. Активноста не носи кредити | | **ч. 136, ст.18, т.6** јавна одбрана на докторски труд врз основа на докторскиот проект |
| | | | **ВКУПНО: 30 ЕКТС** | | |

**Табела 8.2.** Изборни наставни предмети на студиската програма (во Листата се вклучуваат изборните предмети од студиска програма и наставни предмети кои се изведуваат на друга единица на универзитетот, согласно член 139 став 9 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ 82/18))

| Реден број | Код | Назив на предметот | Семестар | ЕКТС | Научна област на која му припаѓа изборниот предмет | Од која единица на универзитетот |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2ZF302226 | Селекција и семепроизводство на житни култури | I | 10 | 4.01.02.10 Генетика и селекција на земјоделските култури | Земјоделски факултет |
| 2 | 2ZF302326 | Селекција и семепроизводство на индустриски култури | I | 10 | 4.01.02.10 Генетика и селекција на земјоделските култури | Земјоделски факултет |
| 3 | 2ZF302426 | Селекција и семепроизводство на | I | 10 | 4.01.02.10 Генетика и селекција на | Земјоделски факултет |
| | | градинарски култури | | | земјоделските култури | |
| 4 | 2ZF302726 | Селекција на винова лоза | II | 10 | 4.01.02.8 Лозарство | Земјоделски факултет |
| 5 | 2ZF302826 | Биолошки и молекуларни маркери во селекцијата | II | 10 | 4.01.02.10 Генетика и селекција на земјоделските култури | Земјоделски факултет |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 6 | 2ZF302926 | Селекција за органско производство | II | 10 | 4.01.02.10 Генетика и селекција на земјоделските култури | Земјоделски факултет |

**Табела 8.2.1.** Условеност на активностите

| | Активност | Претходно реализирана активност |
|---|---|---|
| 1. | Презентација на пилот истажувачки проект | Пријава и изработка на пилот истаржувачки проект |
| 2. | Пријава на тема на докторскиот труд | Презентација на пилот истаржувачки проект |
| 3. | Пријава за јавна одбрана на докторски труд | Реализирани сите активности (180 ЕКТС) |
| 4. | Јавна одбрана на докторскиот труд | Изработен докторски труд и пријава за јавна одбрана на докторски труд |

**Табела 8.2.2.** Активно учество на меѓународни собири

| | Меѓународен собир | ЕКТС | Кандидатот приложува |
|---|---|---|---|
| 1. | Работилница од подрачјето на докторатот | 5 | Потврда за учество |
| 2. | Учество на меѓународен собир од подрачјето на докторатот - со постер презентација | 5 | Објавен апстракт и потврда за учество на собирот |
| 3. | Учество на меѓународен собир од подрачјето на докторатот - со усна презентација | 10 | Објавен апстракт и потврда за учество на собирот |

**Табела 8.2.3.** Објавување на трудови во референтни научни списанија

| | Меѓународно списание | ЕКТС | Активноста е признаена доколку, кандидатот приложи: |
|---|---|---|---|
| 1. | Меѓународно списание од подрачјето на докторатот | 10 | Објавен труд. Кандидатот и менторот се со афилијација на факултетот и Универзитетот |
| 2. | Меѓународно индексирано списание | 15 | Објавен труд. Кандидатот и менторот се со афилијација на факултетот и Универзитетот |
| 3. | Меѓународно списание индексирано во WoS или Scopus | 20 | Објавен труд. Кандидатот и менторот се со афилијација на факултетот и Универзитетот |

**Табела 8.3.** Прозорци на мобилност – наставни предмети кои можат да се реализираат и на англиски јазик согласно член 139 став 10 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/18)

| | Назив на предмет | Наставник | Година/Семестар | ЕКТС |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Методологија на научно истражувачката работа | Проф. д-р Саша Митрев | I година / I семестар | 10 |
| 2. | Популациона генетика | Проф. д-р Верица Илиева | I година / I семестар | 10 |
| 3. | Селекција и семепроизводство на житни култури | Проф. д-р Верица Илиева<br>Проф. д-р Наталија Маркова Руждиќ | I година / I семестар | 10 |

### 8.1. Правила и начин на избор на изборни предмети со можност за избор на предмети од други акредитирани студиски програми

| Начин на избор на изборни предмети од студиска програма |
|---|
| Докторандот ги бира изборните предмети (табела 8.2) за I и II семестар од паѓачката листа за соодветниот семестар во е-индекс.<br>За I семестар во стуктурата на студиска програма е предвиден 1 изборен предмет, за кој докторантот има избор од 3 изборни предмети, а избира само еден од нив.<br>За II семестар во стуктурата на студиска програма е предвиден 1 изборен предмет, за кој докторантот има избор од 3 изборни предмети, а избира само еден од нив.<br>Изборни предмети на студиската програма се во согласност со ЗВО Член 139 став 5, 6, 7 и став 8. |
| Начин на избор на изборни предмети од универзитетска листа |
| Начинот на работа на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип по кампуси и дисперзирани студии не дозволува дефинирање на Универзитетска листа на изборни предмети. |

Решение за акредитација и решение за почеток со работа

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
Бр.-Nr. 08 - 1075/4
27. 02. 2026 год.-viti
Скопје - Shkup

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" - ШТИП

| Примено: 30 03 26 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 0801 | 276/1 | | |

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 149 став (2) од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21, 58/24 и 124/25), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 49 седница одржана на 13.02.2026 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за акредитација на студиската програма „Генетика и селекција на растителното производство", од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС), на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев" Штип**

1. Се акредитира студиската програма „Генетика и селекција на растителното производство", од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС), на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев" Штип, согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18), Правилникот за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 249/22, 4/23 и 97/24) и Уредбата за утврдување на научно-истражувачките полиња од трето ниво (области) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 91/2024).

2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2026/2027 година.

3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 180 ЕКТС кредити и се стекнува со академски назив: Доктор на земјоделски науки – Генетика и селекција на растителното производство/во меѓународен промет академски назив: Doctor of Agricultural sciences (Ph.D) – Genetics and Plant Breeding. Научно - истражувачко подрачје: 4 Земјоделски и ветеринарни науки; Научно – истражувачко поле: 4.01 Земјоделство, шумарство и рибарство, 4.01.02 Растително производство , Научно - истражувачко област: 4.01.02.01 Житни култури, 4.01.02.02 Индустриски култури, 4.01.02.03 Фуражни култури, 4.01.02.10 Генетика и селекција на земјоделските култури.

4. Акредитирани ментори за докторски студии на студиската програма се: Проф. д-р Верица Илиева, проф. д-р Наталија Маркова Руждиќ.

5. Менторот на докторски студии од точка 1 на ова решение може истовремено да биде ментор на најмногу три докторанти кои кај него ќе се обучуваат за научна работа и за изработка на докторски труд.

6. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

По предходно донесената Одлука бр. 0201-810/51 од 17.11.2025 година од страна Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма „Генетика и селекција на растителното производство", трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС), на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев" Штип, до Агенцијата за квалитет во високото образование, односно до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање со нивен бр. 0809-924/1 од 25.12.2025 година (наш бр. 08 - 1075/1 од 29.12.2025 година) за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, на 46-та седницата одржана на 26.01.2026 година, формира стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација со придружната документација и подготвување на извештај по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на стручната комисија, бр.08 – 1075/3 од 17.02.2026 година, согласно Законот за високо образование*, Правилникот за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 249/22, 4/23 и 97/24) и Уредбата за утврдување на научно-истражувачките полиња од трето ниво (области) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 91/2024). и Правилник за методологијата, стандардите и постапката за акредитација на високообразовните установи и за акредитација на студиските програми („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.256/22), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 49-та седница одржана на 13.02.2026 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател на Одборот за акредитација на високото образование
Проф. д-р Марјан Ѓуровски